**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | **Градоначалник на Град Скопје** |
| ИЗГОТВУВАЧ: | **Сектор за сообраќај** |
| | **Одделение за техничко регулирање на сообраќајот** |
| ПРЕТСТАВНИК: | **Раководител на Сектор за сообраќај** |
| ПОВЕРЕНИК: | **Претставник од Сектор за сообраќај** |

# П Р Е Д Л О Г – РАЗВОЕН ПЛАН
**за одржување и изведба на светлосна, хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација на подрачјето на град Скопје за периодот 2026 - 2028 година**

**Скопје, декември, 2025 година**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 7 став 2 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 255/24, 3/25 и 17/25), Советот на Град Скопје на__________________ седница одржана на ______________ година донесе

# РАЗВОЕН ПЛАН
## за одржување и изведба на светлосна, хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација на подрачјето на град Скопје за периодот 2026 - 2028 година

## I. ВОВЕД

Со овој Развоен план се дефинираат и превземаат активности за одржување во функционална состојба на светлосна, хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација за безбедно одвивање на сообраќајот на подрачјето на градот Скопје.

Предмет на овој Развоен план е превземање на активности кои се однесуваат на редовно, периодично и интервентно одржување и изведба на светлосна, хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација на подрачјето на градот Скопје во текот на периодот од 2026, 2027 и 2028 година.

## II. ОБЕМ И ДИНАМИКА НА АКТИВНОСТИ

### а) Обем

Одржувањето и изведбата на светлосна, хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација на подрачјето на градот Скопје.

1. Под **одржување** на светлосна, хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација и сообраќајно-техничка опрема за регулирање на сообраќајот се подразбира редовно (планирано), периодично (превентивно) и интервентно (непланирано) одржување.

- Под **редовно (планирано) одржување** се подразбира преземање на сите активности со кои светлосната сообраќајна сигнализација и опрема за регулирање на сообраќајот, континуирано се одржуваат во исправна, функционална и оперативна состојба, односно замена на вертикалната сообраќајна сигнализација и сообраќајно-техничката опрема со нова поради истек на гарантниот рок, како и континуирано одржување на вертикалната сообраќајна сигнализација и сообраќајно-техничката опрема во исправна, функционална и оперативна состојба.

- Под **периодично (превентивно) одржување** се подразбира преземање на активности во периодични интервали врз основа на важечката законска регулатива, сообраќајно–техничката документација, техничките прописи и техничките упатства на производителот на светлосната сообраќајна сигнализација, односно обнова на хоризонталната сообраќајна сигнализација, чистење на вертикалната сообраќајна сигнализација и сообраќајно-техничката опрема – прекриен со боја, графити, налепници и слично, фарбање на кородирани столбови како и други работи поврзани со периодичното (превентивно) одржување на хоризонталната и вертикалната сообраќајна сигнализација и сообраќајно-техничката опрема.

- Под **интервентно (непланирано) одржување** се подразбира преземање на активности за итно враќање во функционална состојба на светлосната сообраќајна сигнализација и опрема за регулирање на сообраќајот која откажала во текот на работењето или била оштетена од непредвидени настани, односно сервисирање, поправка и замена на вертикалната сообраќајна сигнализација и сообраќајно-техничката опрема која е оштетена, обезбедување на елементи за прицврстување на вертикална сообраќајна сигнализација и сообраќајно-техничката опрема, замена на неисправни сврзни елементи и други работи за итно санирање на вертикалната сообраќајна сигнализација и сообраќајно-техничката опрема која е оштетена.

2. Под **изведба** се подразбира:

- Поставување на нова или надополнување на веќе постоечката светлосна сигнализација и опрема ќе се врши согласно сообраќајно - техничката документација, налог, законските и техничките прописи.

- Поставување на опрема за системот за автоматизирано управување на сообраќајот (САУС) за поврзување на крстосници со Центарот за управување и контрола на сообраќајот (ЦУКС) согласно техничка документација, налог, законски и технички прописи.

- Поставување на вертикална сообраќајна сигнализација и сообраќајно-техничка опрема се врши во согласност со сообраќајно-техничка документација, законски и технички прописи, на магистрални, собирни и други улици во надлежност на Град Скопје. За материјалот кој што се користи важен е рокот на трајност сметано од датумот на вградувањето, и за него се доставува писмена потврда или сертификат согласно важечките стандарди.

**б) Динамика**

Динамиката на одржувањето и изведбата на светлосна, хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација на подрачјето на градот Скопје ќе се утврдува согласно годишните програми на ЈП Улици и патишта – Скопје, за кои согласност дава Советот на Град Скопје.

## III. ФИНАНСИРАЊЕ НА РАЗВОЈНИОТ ПЛАН

Овој Развоен план ќе се финансира од средства предвидени во Буџетот на Град Скопје за 2026, 2027 и 2028 година за:

- Светлосна сообраќајна сигнализација – Одржување, проектирање и изведба; и,
- Хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација – одржување и изведба.

Цената на услугата за одржување на светлосна сообраќајна сигнализација опфаќа месечен надоместок за одржување (паушал) и утврдени цени со усвоен ценовник за опрема и делови.

Цената за услугата за обележување со хоризонтална сообраќајна сигнализација, вертикална сообраќајна сигнализација и сообраќајно-техничката опрема ја опфаќаат цената на материјалот, знаците и сообраќајно-техничката опрема и цената на услугата.

Советот дава согласност на Развојниот план за одржување и изведба на светлосна, хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација на подрачјето на град Скопје.

## IV. ИЗВРШУВАЊЕ НА РАЗВОЈНИОТ ПЛАН

Градоначалникот на Град Скопје се грижи и го обезбедува спроведувањето на овој Развоен план преку Секторот за сообраќај и ЈП Улици и патишта – Скопје, како јавно претпријатие основано од Град Скопје.

## V. КОНТРОЛА

Контрола над извршувањето на овој Развоен план врши Секторот за сообраќај.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој Развоен план влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 27-__________
____ декември 2025 година
С к о п ј е

**С О В Е Т  Н А  Г Р А Д  С К О П Ј Е**
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Даме Димитровски

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) утврдена е надлежноста Советот. Согласно член 7 став 2 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 255/24, 3/25 и 17/25) согласно кој развојните планови за вршење на комунални дејности се донесуваат за период од три години од страна на Советот на општината, општините на градот Скопје и Градот Скопје. Развојниот план за одржување и изведба на светлосна, хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација на подрачјето на град Скопје за периодот 2026 - 2028 година се донесува заради подобрување на безбедноста на сите учесници во сообраќајот на подрачјето на градот Скопје на улици и булевари под надлежност на Град Скопје.

Сегашната состојба во сообраќајот во градот Скопје со значително зголемување на бројот на учесниците, налагаат зголемена и подобрена безбедност во сообраќајот со редовно одржување на постојната сообраќајна сигнализација и опрема како и изведба на нова сообраќајна сигнализација и сообраќајно-техничка опрема.

Овој Развоен план ќе се финансира од средства предвидени во Буџетот на Град Скопје за 2026, 2027 и 2028 година во ставките за:

- Светлосна сообраќајна сигнализација – Одржување, проектирање и изведба; и,
- Хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација – одржување и изведба.

Врз основа на изнесеното се предлага Советот на Град Скопје да го донесе предложениот Развоен план за одржување и изведба на светлосна, хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација на подрачјето на град Скопје за периодот 2026 - 2028 година.

**Градоначалник на Град Скопје**

Орце Ѓорѓиевски

___________________________